Creative Park

Canon



Creative Park

# Бесконечната авантура



Приказна од Denitza Mineva-Deslandes

9 – те авантуристи во приказната
се темелат на омилените хартиени играчки на децата и родителите
во Грција, Романија, Украина, Бугарија, Србија, Северна Македонија,
Словенија, Босна и Херцеговина и Хрватска.

# БЕСКОНЕЧНАТА АВАНТУРА

**Автор** — Denitza Mineva-Deslandes, Париз

**Директор за уметност, илустрација и продукција** — NEXT-DC Агенција, Софија

Creative Park

Играчките беа креирани од ***canon.com.mk/endlesstoys***

Creative Park е бесплатна онлајн платформа, каде што можете да преземате, печатите и креирате играчки, модерни рачно изработени декорации, персонализирани честитки, рачно изработени шаблони и многу повеќе.

**Сите права се задржани © 2020**

Canon



**Зајак**, **Куче**, **Нимфа**, **Мачка**, **Слон**, **Був**, **Тигар**, **Прерисско куче** и **Кокошка** беа весела и сложна дружина. Но исто така, и необична, затоа што живееа далеку едни од други. Секој живееше во различна земја и всушност никогаш се немаа сретнато.

Наместо тоа, тие често зборуваа на телефон, си пишуваа, си праќаа слики и пакети. Си разменуваа готвачки рецепти, идеи и совети за незначајни или по сериозни теми, споделуваа добро и лошо...

Да, и покрај далечината која ги раздвојуваше, Зајак, Куче, Нимфа, Мачка, Слон, Був, Тигар, Прерисско куче и Кокошка беа навистина **одлични другари.**




Роденденот на Прериско куче беше во почетокот на Јуни.

Зајак, кое беше прилично срамежливо и претпазливо животно, одлучи да му се јави порано, дури во почетокот на Мај и да го праша каков подарок би сакал да добие.

„Вака ќе имам доволно време да го подготвам за да стаса кај тебе точно на време“, си зборуваше Зајак сам со себе.

Но, Прериско куче не одговори на повикот од Зајак.

„Најверојатно повторно е зафатен во неговата градина“, си кажа Зајак.

„Прериско куче е страствен градинар и сега на пролет, работи по цел ден во градината. Ќе го побарам вечер“.

Но Прериско куче не одговори на повикот ниту вечерта а ниту наредните вечери. Зајак се загрижи.

„Ќе се јавам на Кокошка“, си зборуваше Зајак.



„Кокошка е **умна** и секогаш може да се потпреш на неа за добар совет“.

Кокошка ги вежбаше своите компјутерски вештини кога заѕвони телефонот.

„Дваесет плус пет...дваесетипет, плус три... дваесетиосум, плус десет... триесетиосум... ох, каква штета, ќе морам да почнам повторно од почеток“, си кажа Кокошка и ја крена слушалката.

„Кокошка, навистина сум загрижен дека **нешто** му се случило на Прериско куче“, извика Зајак и почна да раскажува возбудливо што се случило.

Кокошка размислуваше за фактите.

„Нема потреба премногу да се загрижуваме, - кажа таа - сепак, ова е невообичаено. Прериско куче обожува да седи дома и не би ја напуштил неговата градина без надгледување...“.

„Што ако, - Зајак одеднаш беше загрижен - тој ми е лут за нешто и не одговара **само на моите повици**? Кокошка, обиди се да го побараш ти, да видиме дали ќе одговори на твоите повици“.

Кокошка го побара Прериско куче по телефон, но тогаш се случи нешто навистина необично. Некој одговори на повикот но тоа не беше нивниот пријател! Чуден, длабок глас зашушти:

„Прериско куче е киднапиран! Ако сакате да го спасите, вратете го Проколнатиот дијамант на Волшебникот на бои од Мрачните карпести планини!“, гласот екна во злобно, разгневено смеење а потоа настапи тишина.
„Леле, кој е тој Волшебник на бои?“, залелека Зајак. „Тој звучи злобно и опасно!“
„Што има Прериско куче со некаков Проколнат дијамант? И како воопшто ќе го најдеме?“, се запраша Кокошка.
Пријателите одлучија да ги известат и останатите животни.





Најпрво, се јавија на Нимфа.
„Навистина сте смешни! Зарем не разбирате дека Прериско куче се поиграл со вас?“, извика Нимфа. Тој беше екстремно весел и безгрижен по природа. „Одговорил на повикот со изменет глас и сега одлично се забавува додека вие цимолите!“, и се врати на своите часови по танцување.
„Да ја прашаме Мачка?“, предложи Кокошка. „Таа е **учена личност** и сигурно ќе знае што треба да правиме“.

Мачка учеше различни работи секој ден, по цел ден. Таа беше многу горда на нејзиното знаење и обожаваше да користи комплицирани зборови и изрази. Откако ги ислуша, Мачка го зачисти грлото и важно рече:
„Планинските краеви наречени Мрачните карпести планини всушност се наоѓаат не толку далеку од живеалиштето на Прериско куче. Што се однесува на Волшебникот на боите, несомнено ова е измислен карактер од фолклорната митологија! Но, и покрај ова, ќе се консултирам со релевантни извори и потоа ќе ве известам за резултатите од тоа. Поздрав“.
„Дали разбра нешто?“, праша Зајак.
„Мислам дека Мачка сака да провери што пишува за ова во книгите пред да ни го даде нејзиното мислење“, рече Кокошка. „Во меѓувреме, ајде да се јавиме на Слон...“.

Слон беше убаво, слатко и елегантно суштество. Рано наутро набра прекрасен букет на диви цвеќиња, однесе вода кај неговиот постар сосед, се избања и сега врзуваше машна на својата опашка.
„Колку чудна приказна“, рече Слон загрижено. „Се надевам набрзо сè ќе биде во ред! Ако можам да помогнам како било, можете да сметате на



мене“.
Куче беше експерт во правење и поправање на секакви машини и уреди. Само што завршуваше еден проект – голем балон на топол воздух и беше многу задоволен со резултатот.
Балонот беше украсен со жолти и црвени линии кое правеше прекрасен контраст на боите на небото. Кога дозна за исчезнувањето на Прериско куче, кажа без размислување:
„Најверојатно му е скршен телефонот! Можеби телефонските линии се испреплетиле и Кокошка погрешно слушнала. Еве што треба да направите за да поправите телефон кога ќе се расипе“, и Куче продолжи да ги објаснува сложените технички детали.
Следниот пријател кого го побараа беше Був.
„Мене навистина, навистина не ми се допаѓа ова“, извика Був. Був имаше неверојатна имагинација, беше песимист по природа и сакаше малку да преувеличува. Освен тоа, само што изгледа еден прилично страшен филм.
„Имам претчувство. Овој Проколнат дијамант е предзнак на големи катастрофи. Се плашам дека нешто ужасно го снашло Прериско куче а сега ќе ни се случи и на сите нас!“

Тигар беше последен на листата за контакти.
„Мораме да направиме нешто!“, тропна Тигар. Тој беше задишан бидејќи го правеше своето секојдневно вежбање. Тоа се состоеше од трчање во должина од десет километри, дигање тегови, неколку клекнувања и други импресивни нешта. Тигар беше одличен спортист, авантурист и хазардер.
„Еве што предлагам“, рече Тигар. „Ајде да одиме во **Голема авантура** на Мрачните карпести планини за да го спасиме Прериско куче од што и да е тоа што му се случило!“

Кога слушнаа за предлогот на Тигар, сите сакаа да учествуваат во Големата авантура за спасувањето на Прериско куче, дури и Зајак и Був!

Започна бурната организација. Пријателите беа нетрпеливи да го спасат Прериско куче и сите се подготвуваа за тоа на свој начин.
Мачка пишуваше **План за акција** и се надеваше дека ќе може да ги примени работите што ги научила од книгите.
Куче понуди неговиот нов балон на топол воздух да се користи за патувањето и ги завршуваше последните детали, среќен дека ќе



можат наскоро да го пробаат.
Кокошка започна да ги пресметува најдобрите патеки до целта. Беше многу возбуден бидејќи успеа да се договори со Куче заедно да го летаат балоном.
Слон соши неколку меки перничиња за да го направи патувањето колку што може поудобно за сите. Тој навистина беше среќен што можеше да помогне.
Був почна да пишува бесконечно долга листа на нешта кои би им биле потребни за **Големото патување**. И покрај тоа што имаше ужасни претчувства, потајно му беше мило што ќе доживее вистинска авантура.
Нимфа пробуваше нови ноти на својата гитара надевајќи се дека ќе се забавуваат.
Зајак, иако имаше сомнежи, си кажуваше постојано дека ќе биде безбеден помеѓу паметни и храбри животни.
Тигар ги вежбаше своите скокови и зграпчувања, едноставно беше премногу расположен да го собори секој кој ќе му се најдеше на патот.
Сепак, на сите од срце им беше мило дека **заедно** ќе се впуштат во оваа авантура!



# МОРСКА АВАНТУРА

Балонот крстареше лесно во мекото, сино небо. Времето беше топло и пријатно, на моменти мекото ветре кое дуваше изгледаше како да ги гали и пријателите беа одлично расположени. Тие само што го собраа загрижениот Був од дрвото каде што живееше тој. Едвај успеаа да го натоварат огромниот багаж кој тој го подготви „за секој случај“, но сега веќе сите удобно се сместија и сите беа присутни.

„Светилка, ќебиња, апчиња против настинка“, Нимфа смеејќи се ги набројуваше безбројните нешта додека гледаше во торбата на Був. „Јас ја земав со мене само мојата гитара за да можеме да пееме и танцуваме!“, рече Нимфа и засвири весела песна.

Слон ги раздели колачите со чоколадо кои ги направи, додека Куче,

Мачка и Кокошка зјапаа во мапата и дискутираа како до стасаат до крајната цел од експедицијата.

„Патот сега ќе стане малку опасен“, прошепоти Кокошка. „Ќе треба да прелетаме преку морето каде што има силни воздушни струи и потоа преку Мрачните карпести планини. Тие имаат големи, остри гребени и постојат чудни легенди за нив. Да се надеваме дека Був и Зајак не слушнале за нив“.

„Мојот летачки апарат е цврст“, изјави гордо Куче. „Ќе ги издржи воздушните струи“.

„Легендите не се ништо повеќе од книжевни дела поврзани со фантазии“, рече Мачка.

До зајдисонце веќе стигнаа до морето. Бели птици се вивнуваа околу балонот, водата имаше синкасто-зелена боја, а зајчиња од пена се бркаа едно со друго по брановите. Небото беше богато со розеви, мали облачиња со чудни форми, осветлени од зајдисонцето. „Погледнете колку е прекрасно!“, извика Слон и почна да фотографира додека Мачка објаснуваше како се викаат различните облаци и образложуваше за атмосферските услови



кои ги создале.

„Облаците околу нас се викаат кумулус, додека оние во далечината изгледаат како стратуси...“

„А што е она таму“, врресна Зајак нервозно, покажувајќи со неговата шепа на нешто што личеше на темносиво виножито кое доаѓаше кон нив и јасно се разликуваше од останатите посветли облаци. Во тој момент загрми и портокалова грмотевица го распара небото.

„Да останеме смирени“, кажа Кокошка. „Можеби невремето нема да дојде наваму“.

Но небото стануваше се потемно, морето исто така ја смени својата боја. Сега беше зелено-црнкасто и возбудливо бучеше. Почнаа да паѓаат тешки капки дожд. Ветрот стануваше се посилен, и балонот почна заканувачки да се ниша.

„Помош!“, извика Зајак, и се држеше за Слон.

„Ви кажав...“, започна Був, но уште еден посилен налет на ветер ги придуши неговите зборови. Виорот го зафати балонот и го носеше со сета сила кон морето.

Пријателите клекнаа на подот од корпата на балонот. Слон

шепотеше смирувачки зборови, Нимфа се обидуваше да кажува шеги кои никој не ги слушаше. Зајак се тресеше како лист. Був ги држеше очите затворени. Само Тигар стоеше исправен и зјапаше во водата преку двогледот.

Колку долго траеше ова? Сè околу нив татнеше и се вртеше. Грмотевици светкаа низ затемнетото небо...

„Копно пред нас!“, извика Тигар одеднаш покажувајќи со шепата напред во помалку темниот дел од небото. Куче истрча веднаш до него и откако се осигура дека има остров пред нив, извика:

„Ајде да слетаме таму!“

Сите побрзаа да помогнат, додека се слушаа извици:

„Повлечи ја таа рачка! – Не, другата, пушти го јажето, ајде да туркаме заедно“, балонот почна да се спушта надолу.

За жал, ветрот беше премногу силен и летачкиот апарат помина покрај островот урнувајќи се молскавично во крајбрежните карпи. Балонот се раскина со татнење, додека кошничката во која клечеа другарчињата пливаше по морето, додека ја туркаа брановите. Набрзо, импровизираниот чамец почна да тоне.





„Можам да прелетам до островот“, кажа Був, „иако, овој ветер е многу опасен и јас имам лошо...“
„Јас не знам да пливам“, извика Зајак.
„Ако сакаш, ќе те носам на мојот грб“, се понуди Слон.
Додека размислуваа како сите да стасаат до островот, нешто огромно и лигаво мрдна во длабочините и се изви околу чамецот. Потоа слушнаа чудно клокотење и главата на Морското чудовиште се појави над водата. Изгледаше како гигантска белкаста змија и ѕвереше злобно со неговото единствено испакнато око кое се наоѓаше над огромна, предаторска уста.
„Да весламе што побрзо за да му избегаме!“, викна Кокошка и сите почнаа да веслаат со шепите, со крилјата, со штици и сè што можеа да најдат во водата. Чамецот брзо почна да забрзува но чудовиштето нурна уште побрзо и повторно се појави пред нив, отворајќи ја заканувачки неговата предаторска вилица. Тигар вешто фрли голема штица која се заглави во вилицата на чудовиштето но само за кратко – огромната уста се затвори со тамнеж и ја скрши пречката. Нимфа одеднаш полета и се обиде да го исколве окото на гигантската змија но ова само ја разгневи





уште повеќе, бидејќи одеднаш плисна силно со опашот и го преврте чамецот. Потоа ужасно изрика и тргна кон малата група преплашени животни, штракајќи со безбројните остри заби.
„Ова е крајот“, извика Зајак и ги затвори очите.
Одеднаш се слушна волшебна, фантастична мелодија. Ги опкружуваше и нишаше како нежна приспивна, им ги исполнуваше срцата со радосен мир и почна пријатно да ги успокојува. Чудовиштето, кое само што ја отвори својата уста за да ги проголта, ја отвори уште малку и се прозевна гласно. Тогаш неговото единствено око се затвори и чудовиштето полека исчезна во морето. Само лесно, стабилно татнење придружено од жуборење кажуваше дека тоа ‘рчи во морските длабочини.





# СИН ОСТРОВ

Мачка ги отвори очите. Погледна внимателно околу неа и беше вчудовидена. Лежеше на поле покриено со светлосина трева а пејзажот кој се протегаше околу неа светеше на сонцето во различни сини нијанси – од најсветлата и придушена, скоро бела нијанса до длабока ноќносина, со скоро црна нота.
Дрвјата и грмушките кои ја опкружуваа беа со тиркизна боја. Егзотични цвеќиња во синкасти тонови ширеа пријатна арома. Река со бледосина боја се преплеткаше помеѓу големите сини камења. И таму, на најголемиот камен, седеше прекрасна Сирена и си ја чешлаше долгата коса, украсена со извонредна сина светкава школка.
„Каков фантастичен сон сонувам“, си рече Мачка но одеднаш се сети на сè – патувањето, бурата, чудовиштето...

„Јас и моите сестри пристигнавме на време“, прозборе Сирената со мелодичен глас и волшебно се насмевна. „Старото морско чудовиште е малку раздразливо и ние често мора да им помагаме на изгубените патници така што го заспиваме со нашите волшебни песни“.
„Каде сум?“, гласот на Зајак се слушна од непозната насока и Мачка разгледа наоколу. Зајак седеше на другата страна на реката и си ги чешаше очите со неговите шепи. Да, тоа беше Зајак. Само што неговото крзно добило небесно сина боја! Мачка си го погледна опашот – беше син по боја.
„Не грижете се“, се насмеа Сирената, „сè е сино на нашиот магичен остров но кога ќе се оддалечите од него, ќе станете повторно исти какви што бевте порано. Вие најдолго спиевте но дојдете со мене, ќе ве однесам кај вашите пријатели“.

Сирената се лизна грациозно во водата и пливаше низ морската струја. Мачка и Зајак пливаа по неа до сувото копно. Поминаа низ мала сина шума со сини птици, кои ги поздравија со радосни крици и по спуштањето надолу по мазна падина, каде што мали сини ракчиња беа расејани под нивните стапала, стигнаа до морскиот брег. Таму имаше







Веселба во полн ек - група Сирени влечеа од морето нешто што личеше на големи парчиња облека додека Тигар и Слон го собираа и го влечеа до бледосиниот песок. Малку подалеку, Був и Куче, ги простираа останатите парчиња облека на некои јажиња. Нимфа и Кокошка, седеа под сенката на сино дрво и како нешто да шиеја. Сите беа сини освен Слон, кој поради непознати причини, остана сив.

„Прв пат гледам некој да ја задржи својата боја на нашиот остров", рече грижливо Кралицата на сирените.

„Ох, тука сте!", извика Нимфа весело кога ги виде Мачка и Зајак. „Дојдете и помогнете ни! Правиме нов балон од едрата на потонати бродови, кои овие прекрасни Сирени ги извлекуваат од дното на морето. Навистина е забавно!"

Пријателите останаа на островот неколку безгрижни, среќни денови. Работеа на новиот балон а во меѓувреме одлично се забавуваа со Сирените и нивните многубројни пријатели. Пливаа на грбот од разнобојни риби, нуркаа до потонатите бродови, летаа наоколу на мали магични сини облачиња, шетаа покрај реката, си играа во фантастичните нејзажни предели на островот...

Потоа дојде денот кога балонот беше готов. Сите стоеја на највисоката сина полјана на островот и го качуваа багажот кој за чудо преживеа по морската несреќа и се подготвуваа да ги напуштат Сирените.

„Направивте толку многу за нас!“, им рече Слон на Сирените. „Како можеме да ви се оддолжиме?“

Кралицата на сирените се насмевна. „Ни беше мило што ви помогнавме!“, рече таа. „Сепак, навистина има нешто што можете да го направите за нас. Дознавме дека одите кон Мрачните карпести планини. Таму живее еден наш стар познаник – Волшебникот на бои. Ако случајно го сретнете, побарајте да ги врати боите на нашиот остров. Пред некое време, не прелажа и ни ги украде а ние успеавме да ја спасиме само сината боја. Затоа овде сè е во оваа боја“.

„Значи, Волшебникот на бои, навистина постои!“, извика Кокошка. „Кажете ни повеќе за него!“

И Сирените почнаа да раскажуваат приказна:

Си било еднаш еден Волшебник кој бил добар Крал, а бил и силен и праведен. Носел бела мантија и круна направена од карпест кристал.



Ни беше пријател и доаѓаше често на островот бидејќи тогаш беше венчан со Кралицата на сирените. Се сакаа и беа среќни заедно. Но тогаш дојде Злобната волшебничка и го маѓепса претворајќи му го срцето во ладен скапоцен камен, во Проколнат дијамант. Сега, Кралот е нејзин слуга – стана алчен, злобен и почна да ги краде боите на природата секаде каде што ќе отидеше. Украдените бои се претвораат во светли, брилијантни скапоцени камења: црвени рубини, зелени смарагди, сини сафири, виолетови аметисти, сребрени бисери, топази, дијаманти, месечеви камења...но ништо не може да ја задоволи алчноста на Волшебничката, таа сака сè повеќе и повеќе.

Често, Волшебникот на бои се прикажува во формата на човек покриен со мантија опсипан во стотици бои – скапоцени камења. Меѓутоа, тој е моќен да се претвори во гигантски застрашувачки змеј. Чувме дека неодамна за време на една од овие трансформации, исчезнал Проколнатиот дијамант. Сега, Волшебникот го бара секаде бидејќи сега има само празно место таму каде што некогаш стоело неговото срце...

Пријателите ја слушаа приказната вчудовидено и ветија дека ќе направат сè што е во нивна моќ за да ги ослободат боите на Синиот

остров. При збогувањето, Кралицата на сирените, ја отстрани од нејзината коса исклучителната сина школка и им ја даде велејќи:

„Внимавајте добро на неа, ќе ви помогне!“

„Колку е прекрасна!“, извика Слон. „Јас ќе се грижам за неа. Ќе ја носам на мојот врат како ѓердан“.

„Среќен пат!“, викнаа Сирените и потоа нурнаа во реката и испливаа накај морето.

„Три, два, еден...Одиме!“, викна Куче и балонот глатко се крена во небото. Под нив, Синиот остров стануваше се помал се додека постепено не исчезна во морското пространство.





# МРАЧНИТЕ КАРПЕСТИ ПЛАНИНИ



Балонот на топол воздух кружеше над земјата втор ден по ред. Не беше повеќе син. Како што се оддалечуваше од островот, едрата на бродот ги вратија своите вистински бои и беше јасно дека овие едра беа направени од безброј разнобојни делчиња. Животните исто така си ги вратија своите бои, освен, се разбира, Слон чија боја воопшто не се смени. Летаа над висини и долини, преку градови и реки. Часовите поминуваа на лесен и пријатен начин. Тие пееја песни, Нимфа свиреше на гитара, си кажуваа приказни, се смееја...а кога им се допаѓаше пејзажот, слетуваа на земјата и правеа прошетки.

Но веќе подолго време, небото почна да се покрива во превез од мека магла и сега како да пливаа во река на полупроѕирни сиви облаци. Почна да станува ладно.



„Влегуваме во територијата на Мрачните карпести планини“, рече Кокошка.

„Воопшто не ми се допаѓа ова место“, рече Був додека зјапаше во острите црни гребени кои почнаа да се оцртуваат како духови во маглата. „Нешто многу злобно лебди околу нас што ми ја наежи кожата“.

Овој пат, другите не се обидоа да го смират бидејќи длабоко во себе го почувствуваа истото. Дури и Нимфа изгледаше потиштена. Маглата околу нив стануваше се погуста и изгледаше како да ги задушува во својата прегратка. Одеднаш, балонот на топол воздух скокна, малку се затресе и застана целосно во воздухот. Завладеа тишина.

„Чудно“, шепна Куче. „Овде нема ни малку ветре. Изгледа како сѐ околу нас да застана. Најпоследна опција е да го отпуштиме воздухот и да слетаме“.

Така и направија. Ридот кој ги поздрави беше црн и мрачен. Црни камења и гребени се простираа околу нив, растенијата и дрвјата беа црни и овенати до таму до каде што можеше да се

види со око. Ниту се слушаше, ниту мрднуваше нешто. Мала птица застаната на грмушката во близина беше мирна како камен и воопшто не мрдна. Изгледаше како некоја злобна сила да ја лишила природата од сета своја свежина и моќ. Слон затрепери.

„Колку тажно место!“, рече Слон и му надојдоа солзи.

„Дали ќе одиме пеш преку овие мрачни планини?“, извика Зајак преплашено.

„Мрачно, да и без сомнение, **многу опасно**“, додаде мрачно Був.

„Храброст! Ние едноставно мора да продолжиме“, рече Тигар но дури и тој изгледаше загрижен.

„Покрај моа, - се потруди Кокошка - според мапата ние сме прилично блиску до куќата на Прериско куче“.

„Знам што ни е потребно – малку добро расположение!“, рече одлучно Нимфа и почна да ја свири нивната омилена песна. Пријателите почнаа да пеат, прво премислувајќи се, но почнаа да пеат дури и по весело кога почувствуваа како им се враќа радоста, силата и надежта.

Тесна патека која влегуваше во мала шума со црни дрвја лежеше



на почетокот од ридот. Тие одлучија да ја следат.

Тигар одеше најнапред и го расчистуваше патот кој поминуваше низ густите грмушки и дрвја. Кокошка потскокнуваше позади него, држејќи мапа и компас, но него беше Мачка, која не престана да дава корисни совети. Свиркајќи, Нимфа леташе од грмушка до грмушка, Зајак правеше мали чекори позади него, додека Слон одеше позади и го поттурнуваше и креваше Зајак кога наидуваа на пречки. Був лебдеше над сите нив, мрмореше нешто неразбирливо со темен израз и од време на време, одеше да провери дали патот е прооден.

Чудна тишина продолжуваше да владее околу нив. Одеднаш, Зајак, кој само поминуваше преку пукнатина во земјата полупокриена со голем камен, ги исчули ушите.

„Можете ли да го слушнете тоа?“, праша Зајак.

Сите застанаа и почнаа да слушаат. Едвај чуен, постојан, пулсирачки звук доаѓаше од пукнатината.

„Видете“, одеднаш извика Нимфа. „Овде има траги!“

Сите се доближија. Мачка зема лупа, го испита земјиштето и рече на важен начин:

„Ова се траги на многу мал цицач, најверојатно верверица или...“

„Прериско куче!“, извикаа одеднаш Слон и Кокошка. „Можеби Прериско куче бил тука!“

Пулсирачкиот звук почна повторно. Сите гледаа во малата пукнатина.

„Што може да биде ова? Како да погледнеме внатре?“, праша Нимфа.

„Оставете на мене“, рече Слон. „Лесно ќе го поместам овој камен“, и вешто го турна со неговата сурла. Почна да се гледа отвор на пештера и сега пулсирачкиот звук стана многу јасен. Но колку повеќе зјапаа, толку помалку можеа да гледаат, бидејќи внатрешноста на пештерата беше темна како ноќ. Дури и светилката на Був не можеше да го осветли крајот.

„Можам да скокнам внатре“, се понуди Тигар.

„Ти си многу храбар“, го прекина Слон. „Но скокањето во длабока пештера без да знаеме што е на крајот од неа, е премногу опасно“.





„Јас ќе влезам, - рече неволно Був - бидејќи само јас можам да летам и да гледам во темница...и некој мора да се жртвува...“.
И се нурна во отворот.

Малку подоцна слушнаа лавкање на крилја и Був се појави повторно, целосно покриен во пајажини и прашина.
„Пештерата е голема и прилично длабока“, рече важно. „Се разбира беше многу опасно, но направив голем ризик и успеав да дојдам до крајот на пештерата. Има езеро со остри карпи кои штрчат и има голем, проѕирен скапоцен камен во плиткото. Изгледа како да пулсира и прави мали кружни бранчиња во водата. Мислам дека звукот кој го слушаме доаѓа од него. Се обидов да го земам со клунот но скапоцениот камен е преголем па се слизна“.

Се погледнаа сите значајно и Кокошка повтори:
„Голем, светкав, проѕирен скапоцен камен кој пулсира... како срце. Но тоа е Проколнатиот дијамант!“
„Имам нов предлог!“, рече Тигар, кој нетрпеливо кружеше.



„Врзете ме со нешто и спуштете ме внатре. Јас ќе го земам“.
„Ова е одлична идеја“, рече Мачка. „Но ти, Тигар, си претежок. Подобро е долу да се спушти мало животно“.
Сите погледнаа во Зајак.
„Па...”, почна да зборува, но потоа се сети дека Прериско куче е киднапиран и сега можеби надежно чекаше на нив, па заврши со треперлив глас. „Да, тоа е прекрасна идеја!“
„Добро е што јас го предвидов сето ова“, рече Був и гордо почна да вади цврсто јаже од неговиот багаж.

И така, врзаа еден крај од јажето за дрво а другиот за Зајак.



Потоа, застанаа во еден ред и почнаа глатко да го спуштаат во пештерата. По неколку бесконечни минути, Зајак извика: „Го имам“, и пријателите брзо го извлекоа.

Сирот Зајак се тресеше и изгледаше многу мизерно со неговото мокро крзно но сепак среќно се насмевнуваше. Сите му ракоплескаа.
„Браво Зајак, беше навистина храбар и хероичен!“, извика Тигар со искрен восхит и целото лице на Зајак блесна.
„Еве“, рече Зајак и ја подаде неговата мокра шепа. Во неа светеше голем, заслепувачки убав, исполиран дијамант.
„Па, ова е срцето на кралот кое било претворено во проколнат скапоцен камен“, промрмори Нимфа.
„Ќеречев дека е прекрасен, – викна Слон - ако не знаев колку многу злоба има во него!“

Пријателите одлучија дека е најдобро Тигар, бидејќи е најсилен, да го чува и продолжија по својот пат. Но само по неколку минути, тие беа сведоци на глетка која направи сите одеднаш





да застанат. Патот беше покриен со камења и дрвја кои случајно паднале, скршени и смачкани како пред малку да се одвивала борба. А во средината на чистинката, стоеше ...Прерисно куче!
„Ура!“, извика радосно Нимфа и се втурна кон него, но Прерисно куче не мрдаше.

Беше црн и тивок, скаменет во малку наведната положба и со одлучен израз на лицето, како да се подготвуваше да скокне. Пријателите ја опкружија чудната фигура.
„Изгледа како да е скаменет“, забележа мрачно Був допирајќи ја неговата шепа. Сите тажно молкнаа. По некое време, Мачка го прочисти грлото и рече:
„Земајќи ги предвид сите собрани информации, можеме да донесеме логична хипотеза дека сето ова е дело на Волшебникот на бои. Ја уништи природата во планината со крадење на сите нејзини бои. Ја зел и бојата на Прерисно куче и тоа го исплашило. Но зошто дошол тука Прерисно куче и зошто Волшебникот го нападнал?“



„Да, што има Прерисно куче со Проколнатиот дијамант?“, рече Тигар и го сврте скапоцениот камен во неговата шепа. Пријателите зјапаа во неговото проколнато светење како да ќе добијат одговори на нивните прашања.
„Би сакале да знаете, нели“, одеднаш зашишти длабок, рапав глас. Сите се свртеа изненадено а Зајак скокна толку високо што допре до гранка. Волшебникот на бои стоеше зад нив и ги гледаше со злобна гримаса. Тој беше добро граден и застрашувачки и неговата мантија се вртеше околу него како повеќебоен оган запален од зраците на илјадници скапоцени камења кои ја покриваа. Висока жена во смарагден зелен фустан стоеше до него. Дијамантска тијара светкаше во нејзината густа црвенкаста коса и нејзините долги бледи раце беа покриени со скапоцени камења од секаков вид. Покрај неправилните црти, нејзиното лице ширеше нешто одвратно. Нејзините очи беа сурови, нејзината насмевка – злобна и студена како мраз. Животните се тресеа од студот кој излегуваше од неа.
„Ова глупаво прерисно куче го скрила Проколнатиот дијамант“,



рече таа со рамнодушен глас. „Одби да ми каже каде е. Затоа го доби тоа што го заслужи. Но вие сте уште по глупави со вашата наивна лојалност и надежта дека можете да го спасите. Сега, мојот лојален Волшебник ќе ја врати неговата моќ и ќе продолжи да ги краде боите на животните, реките и планините шумите... “, го покачи тонот на нејзиниот глас. „Целата Земја ќе биде наша!... Дај ми го дијамантот“.

„Никогаш!“, заржа Тигар и стана смело. Другите го опкружија подготвени да се борат до крај. Волшебничката се насмеа злобно и му кимна на Волшебникот на бои. На тој знак, тој почна брзо да се врти околу себе додека не се претвори во разнобоен виор. Постепено, виорот се забави, почна да се смирува и во неговата средина се појави џиновски змеј од кој крвта ти застанува. Неговото тело беше покриено со светкави скапоцени камења наместо со крлушки. Чудовиштето ја отвори устата и почна да го вдишува воздухот околу него. Пријателите се смрзнаа и почувствуваа како целата нивна топлина излегува од нив. Нивните бои избледнаа и исчезнаа во



отворената муцка. На крај, сите станаа црни и скаменети како шумски скулптури. Сите освен Слон! Тој беше сè уште сив и жив и гледаше смело во очите на змејот. Змејот зјапаше со неверување и прозборе:
„Сум чул дека постојат суштества со голема доблест и чисто срце чии бои е тешко да се одземат... Но чекај, ти сè уште не знаеш за што сум јас способен!“
И тој ја отвори устата повторно и, овој пат, насилен огнен елемент еруптираше од неа. Запали сè што му се најде на патот и тргна накај Слон. Одеднаш, сината школка која висеше околу неговото грло мрдна и од него бликна морски бран. Бранот се зголемуваше се повеќе и повеќе, се додека не се издигна над врвовите на дрвјата. Потоа, одеднаш отиде напред, го изгасна огнот со шиштење, им се фрли на Змејот и Волшебничката и ги турна во камењата со огромна сила. Волшебничката се распрска на илјадници кристални делчиња кои се стопија како мраз во воздухот а Змејот остана срушен безживотно пред камењата.
Слон му пристапи неприметно.



И тогаш се случи нешто чудно: скапоцените камења по неговото тело почнаа да светат брилијантно се повеќе и повеќе, нивните обоени зраци сјаеја и почнаа да се обвиткуваат околу Слон. Нивната убавина едноставно го хипнотизираа!

„Колку би било убаво кога овие скапоцени камења би биле мои, - помисли Слон - ќе го украсев моето чело и сурла...Ќе бев убав и магичен...и сите ќе ме почитуваа и ќе ми се восхитуваа “.

Слон посегна по светкавите скапоцени камења но одеднаш се присети на сета поцрнета овенатa природа, замрзнатата птица...и потона неговото срце. Тој го сврте погледот кон неговите скаменети другари и како да се разбуди од сон! Ја истресе главата и кажа со јасен глас:

„Магични, разнобојни скапоцени камења, прекрасни сте! Но живата природа е по прекрасна и нејзините постојано менливи бои се по магични. И пријателството и љубовта се поголеми од сите најскапоцени камења во светот!“

Моментот кога тој ги изрече овие зборови, скапоцените камења се мрднаа, полетаа и се претворија во мали разнобојни светла

кои танцуваа весело во воздухот. Постепено, тие се испреплетеа во прекрасно виножито, кое почна да се издига над шумата. Сè под него стана разнобојно, се придвижуваше и оживуваше. Листовите на дрвјата шумолеа, птиците пееја, шарени пеперутки си играа во воздухот...

Пријателите исто така почнаа да оживуваат и изненадено разгледуваа наоколу. Но најголемото изненадување беше тоа на Прериско куче:

„Што правите тука?“, се чудеше Прериско куче. „И што се случи со Волшебникот на бои? Дали јас го победив?“

„Сите го победивме. Заедно“, одговори Слон со насмевка. Па им кажа што се случило.

„А ти, Прериско куче, што правеше тука?“, од љубопитност запраша Нимфа.

Прериско куче им ја кажа приказната:

„Знаете колку си ја сакам градината. Оваа пролет беше исклучително убава: полна со црвени рози, бели маргаритки, сини љубичици, златни јаглики, виолетови хризантеми... Еден ден, Волшебникот на боите се појави привлечен од нивната



разнобојна убавина. Видов низ прозорот како тој се претвори во змеј и ги украде сите бои! Потрчав по него но додека да дојдам таму, тој исчезна оставајќи ја мојата градина црна и овената. Тогаш на дното од еден цвет забележав голем брилијантен скапоцен камен.

Во тој момент, јас не знаев дека ова е Проколнатиот дијамант но претпоставував дека му припаѓа на Волшебникот. Помислив да му го однесам и за возврат тој да ми ги врати боите. По пат, го скрив дијамантот во пештера. Турнав еден надвиснат камен за да го затворам отворот на пештерата и го обележав местото со траги од шепи. Бев при крај кога го видов Волшебникот како доаѓа кон мене. Тој сфатил што изгубил и беше разгневен од бес“.

„Врати ми го дијамантот!“, извика тој.

„Само ако ги вратиш боите на мојата градина!“, одговорив јас. Кога тој сфати дека нема да ме убеди, ми се нафрли...и ме нападна! Наоколу скокав и се криев помеѓу дрвја и грмушки, кои тој луто ги соборуваше и не се сеќавам на ништо по тоа.

„Значи, кога Кокошка го побара Прериско куче на телефон, – претпостави Мачка - Волшебникот беше во неговата куќа и го бараше дијамантот!“

Бидејќи дијамантот го спомнаа неколку пати, Тигар го провери џебот и изненаден извика:

„Го нема! Исчезна Проколнатиот дијамант!“

„Можеби, – рече Кокошка замислено - и тој, како и другите магични камења, се претвориле повторно во она што биле некогаш пред магијата... во срце, вистинското срце на Кралот!“

Сите погледнаа кон каменот каде што до пред малку беше змејот. Наместо него, имаше човек кој ги притискаше градите со неговата рака. Неговата става наликуваше на онаа на Волшебникот но неговото лице беше преобразено и сега беше убаво и нежно. Неговата мантија стана бела и неговата круна со кристални камења светеше на сонцето. Но неговите очи потемнеа и можеше да се види дека беше смртно повреден. Пријателите внимателно го опкружија.

„Ве замолувам за прошка“, изусти тивко Кралот. „Моето вистинско срце ми се врати и ми кажа какво злобно и алчно чудовиште сум станал. Сега, кога ја губам силата и го напуштам овој живот, ја согледав грешката која ја направив кога и верував на Злобната волшебничка!“

Неговото лице се згрчи од болка.

Пријателите молчеа. Зајак и Слон цимолеа.

Одеднаш, сината школка затрепери повторно, полета и слета на Кралевата рака. Тој се насмевна и со последни сили ја допре до неговото уво. Магичната песна на Кралицата на сирените извираше од неа и како лековит мелем, ја ублажуваше неговата болка. Кралот ги затвори очите и потона во магичен сон.



# ВЕСЕЛБА




„Зајак, стави ги јаготките на тортата поблиску една до друга!“, нареди Мачка. „Був, подготви ги свеќите за да ни бидат при рака!“

Тројцата беа растрчани во кујната на Прериско куче, додека во градината, веселбата беше во полн ек. Нимфа, Куче и Тигар играа на звуците од веселата музика, а разнобојни балони лебдеа околу нив. Мирисот од прекрасните цвеќиња од цветните леи го исполнуваа воздухот. Венци од светилки светкаа во зелените гранки од блиските дрвја а под нив беше поставена маса преполна со намирници. Прериско куче седеше на чело на масата, опкружен со Кокошка и Слон. Постојано се присетуваа на моменти од Големото патување.

„Благодарам другари!“, рече Прериско куче. „Ми го спасивте



животот и никогаш досега не сум имал таква прекрасна веселба како сега за мојот роденден!“

Музиката запре и милозвучниот глас на Мачка придружен од пискавиот детски глас на Зајак заечи од кујната, придружени и од прилично острото но ентузијастично гракање на Був.

„Среќен роденден...“

„Среќен роденден, Прериско куче...“, сите се приклучија во пеењето и пред Прериско куче ставија голема вкусна торта со запалени свеќички.

Прериско куче ги дувна свеќичките, сите ракоплескаа и сега дојде време за подароците.

„Ох, цела полна корпа!“, извика Прериско куче радосно и почна да ги отвора. Имаше градинарски алатки, тегла со посебен мед, семе од егзотични цвеќиња. Прериско куче беше восхитен и нетрпеливо го одвиткуваше секој подарок. Најпосле, дојде до последниот. Беше прилично голем и тежок.

„Од кого е овој?“, запраша Прериско куче.

„Всушност, не знаеме“, објасни Кокошка. „Денес го добивме по пошта и мислевме дека е изненадување за твојот роденден“.

Во пакетот имаше ковчег од абонос, обложен со сребрени шари.
Прериско куче погледна во ковчегот и рече:
„Тука пишува: За Зајак, Куче, Нимфа, Мачка, Слон, Був, Тигар, Прериско куче и Кокошка!“
Потоа го отвори ковчегот и сите останаа без здив. Девет скапоцени камења светеа како ѕвезди на перниче од небесносин сомот – секој скапоцен камен имаше различна боја но сите беа подеднакво убави. По изненадувањето, Зајак рече:
„Прекрасни се но мене најмногу ми се допаѓа месечевиот камен“.
Прериско куче го зема во својата шепа и рече:
„Зајак, на него го пишува твоето име!“
Во меѓувреме, Тигар зборуваше:
„Мене ми се допаѓа тој, светлоцрвениот“.
Прериско куче го зема рубинот и замислете колку беа изненадени кога го прочитаа името на Тигар испишано на него. Се испостави дека на сите им беше назначен токму каменот кој најмногу им се допаѓа.
„Ова е подарок од некој кој добро не познава!“, забележа Кокошка.
„Погледни, има и писмо!“, и тој посочи на ковертот кој стрчеше



под перничето.
Ковертот беше направен од златна хартија и на средината имаше кралски грб. Прериско куче го отвори нетрпеливо и почна да чита:
„До нашите мили, храбри и добри пријатели, со бесконечна благодарност. Не заборавајте, секогаш сте добродојдени тука! Кралот и Кралицата на **Разнобојниот остров**“.
Пријателите се погледнаа. Тогаш Прериско куче го зема ковертот и сите гледаа во кралскиот грб. На него беше прикажана круна од планински кристали, испреплетена со исклучителна сина школка.



# КРАЈ

